
Врз основа на член 22 став 1 алинеја 14 од Пречистен текст на Статут бр. 01-258/1 од 03.05.2019 г., а во врска со на член 28 став 2 точка 15 од Пречистен текст на Статут бр. 01-258/1 од 03.05.2019 г., Управниот одбор на НУ - Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје на 74-та седница одржана на ден 30. 07.2020 година донесе:

ПРАВИЛНИК

за работа на библиотека на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје

1.Општи одредби





Член 1

Со овој правилник се уредуваат работењето на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје, условите и начинот на користење, чување и евиденција на книгите од библиотеката на на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје и е во функција на остварување на целите и задачите на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје.

Член 2

Основна функција на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје е да обезбедува користење на библиотечниот материјал и информациска подршка на вработените во НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје и лицата ангажирани со договор за дело од страна на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје .

Член 3

НУ Музеј на македонската борба за самостојност е должна да обезбеди соодветен простор за чување и заштита на книжниот фонд на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје опремен со витрини, персонални компјутери, печатари, апарати за умножување и друга опрема.

Член 4

Библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје е отворена за корисниците секој работен ден од 08:00 часот до 16: 00 часот.

2. Дејност на библиотека на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје

Член 5

Дејноста на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје опфаќа комплетирање на библиотечниот фонд преку купување, подарок, размена, донации, задолжителен депозитен примерок и друго; стручно обработување на библиотечниот фонд; обезбедување

информации во врска со библиотечниот фонд како и друг вид информации што се потребни за корисниците.

Дејноста на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје исто така опфаќа и водење на електронска библиотека и одржување на дата базата на информации.

3. Средства за работа на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје

Член 6

Дејноста на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје се финансира со средства предвидени со годишни финансиски планови за работа на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје планирани во буџетот на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје.

Библиотечниот фонд се збогатува со стручна литература преку купување, размена, подароци, донации и слично.

4. Работи и работни задачи

Член 7

Во библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје се вршат работи и работни задачи поврзани со истражувачката дејност, музејската дејност и заштитна дејност на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје, а особено :

-набавка, обработка, каталогизација, средување, чување, евиденција на библиотечниот фонд и издавање на користење на библиотечниот материјал

-давање информации на корисниците

-чување најмалку по еден примерок(задолжителен депозитен примерок) од публикации, каталози и слично издадени од НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје

-грижа за унапредување на своето работење

-доставување податоци за библиотечниот фонд на Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје и други институции согласно позитивните закони и подзаконски акти.

5. Организација на работата на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје

Член 8

Библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје се уредува согласно меѓународните стандарди за библиотечно работење.

Библиотечниот фонд се чува, стручно се обработува според меѓународните стандарди за библиотечно работење и се дава на користење под услови утврдени со овој Правилник.

Член 9

За да се обезбеди ефикасна и брза информација за библиотечниот фонд потребно е во библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје да се примени современа и стандардизирана библиотечно-информативна техника и технологија предвидена за учесниците на библиотечно-информацискиот систем на Република Северна Македонија , односно системот COBISS.MK

За библиотечниот фонд се формираат и се одржуваат библиотечни каталози и тоа азбучен, авторски, стручен според УДК(Универзална децимална класификација), предметен и основен каталог.

Библиотеката опфаќа водење на електронска библиотека, одржување на дата базата на информации и водење на електронска евиденција за состојбата на библиотечниот фонд и корисниците.

5.1 Библиотечен фонд

Член 10

Библиотечниот фонд на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје содржи дела од областа на: музеологијата, научна литература, историјата, археологија, социологија, етнологија, антропологија, енциклопедии, периодика, весници, списанија и др.

Библиотечниот фонд на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје може да биде во вид на монографски публикации, периодични изданија и друго и се обработува стручно според меѓународни стандарди за библиотечно работење.

Член 11

Библиотечниот фонд на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје се создава и се обновува со купување, размена, донации, подароци и со задолжителни депозитни примероци.

Член 12

Библиотечниот фонд на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје се формира врз основа на набавната политика за збогатување на фондот што ја води Одбор за набавка на литература, кој се именува од раководното лице на установата , составен од три члена, меѓу кои задолжително е библиотекарот или лицето овластено од НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје со посебно решение.

Набавната политика за збогатување на библиотечниот фонд се креира врз основа на искажани потреби и барања на корисниците на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје.

5.2. Обработка, средување, ревизија и расходувањена библиотечниот материјал

Член 13

Библиотечниот фонд на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје се обработува (инвентарисува, каталогизира, класифицира) на единствен начин согласно Законот за библиотеките, според единствени принципи во согласност со современи методи за обработка, чување и давање на користење на библиотечниот материјал во рамки на библиотечно-информацискиот систем на Република Северна Македонија , односно системот COBISS.MK

Обработката и каталогизацијата на библиотечниот фонд се спроведува во софтверска апликација COBISS.

Член 14

Библиотечниот фонд на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје се реди според систем УДК(Универзална децимална класификација) за средување на библиотечни фондови што овозможува ефикасно користење на библиотечниот фонд, увид во структурата и застапеноста на одредени стручни и научни области како и водење на ефикасна набавна политика.

Член 15

Ревизија на библиотечниот фонд се врши најмалку на 5 години согласно Законот за библиотеките.

Со ревизијата се утврдува состојбата на библиотечниот фонд и потребата за преземање на соодветни мерки за негова ефикасна заштита.

Во однос на публикациите за кои со ревизијата ќе се утврди дека се изгубени се донесува одлука за нивно расходување , односно отпишување.

5.3 Користење на книгите, чување и евиденција на книгите од библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје

Член 16

Право на користење на библиотечниот материјал имаат вработените во НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје и лицата ангажирани со договор за дело од страна на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје.

Корисниците на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје имаат можност и за електронски пристап до обработениот книжен фонд на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје преку интернет и имаат право да ја користат дата базата на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје .

Библиотечниот материјал се користи во просториите на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје и надвор од просториите на библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје.

Член 17

Издавањето и примањето на книги, чувањето и грижа за книгите кои не се користат и водењето на евиденции утврдени со овој Правилник се должност на библиотекарот или лице овластено од од НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје со посебно решение.

Член 18

Правото на користење се стекнува со одобрување од страна на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје, од библиотекарот или од НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје овластено лице, за што библиотекарот или овластеното лице подготвува Картон за задолжување/раздолжување.

За потребата од користење на книги од библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје, корисниците се должни на службениот e-mail на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје да достават барање или да достават писмено барање до библиотекарот, односно овластеното лице во кое задолжително се наведува насловот на книгата, името на авторот и инвентарниот број.

Член 19

По престанување на потребата од користење на книгата, но не подолго од 60 дена од денот на нејзиното подигање, корисникот е должен истата да ја врати на библиотекарот или овластеното лице кое треба да изврши евидентирање во Картонот за задолжување/раздолжување.

По истекот на рокот од став 1 на овој член, библиотекарот или овластеното лице е должно да го опомене корисникот и да му укаже за истекот на рокот за користење на библиотечниот материјал.

Доколку овој рок не биде запазен ќе биде известено раководното лице на установата.

Член 20

Библиотекарот, односно овластеното лице е должно да води електронска евиденција на книгите во библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје.

Секој прием и издавање на книги задолжително се евидентира во евиденцијата на книгите во библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје.

Библиотекарот, односно овластеното лице е должно да се грижи секоја книга од библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје да има инвентарен број и да биде евидентирана во евиденцијата на книгите во библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје.

Списокот на книги по наслов, име на автор и инвентарен број ќе биде објавен на огласната табла и на веб страната на установата.

Член 21

Корисниците се должни книгите од библиотеката на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје да ги користат со внимание, да се грижат за нивно чување, заштита и соодветно користење и да ги вратат во исправна состојба.

Доколку корисникот не го врати позајмениот библиотечен материјал, го уништи или го оштети, должен е да ја надомести вредноста на публикацијата според пазарната вредност, а доколку станува збор за постара публикација што не може да се најде на пазарот, тогаш корисникот е должен да даде нејзина замена од областа на која припаѓа.

6. Преодни и завршни одредби

Член 22

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат во постапка како неговото донесување.

Член 23

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател на Управен одбор

Петар Тодоров